# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток, 28 Февруари 2013 година Број 3/2013 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |



Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш бр. 07-474/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02.2013 год.

Бр. 08-474/2 Градоначалник на
28 Февруари 2013г. Општина Радовиш
Радовиш Д-р Роберт Велков с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 28.02.2013 год., донесе

ОДЛУКА
За определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се предвидуваат финансиски средства од Буџетот на општина Радовиш во висина од 2.000.000 за санирање на последиците од направената штета од невремето во општина Радовиш.

Средства од член 1 се наменуваат за следното:

1.Пробивање и пошлунчување на патен правец Покрајчево-Злеово;

2.Во с.Воиславци оспособување на патна комуникација од горниот до долниот дел на селото со поставување на цевки Ф-1000 во должина од 50 метри, како и ангажирање на механизација и пошлунчување.

3. Да се ангажира механизација за расчистување на патна комуникација во с. Калуѓерица до џамијата, во населба Дамјан и селата Јаргулица, Покрајчево, Подареш и Ораовиоца.

4. На кризниот штаб во с. Злеово му се одобруваат средства во висина од 50.000 ден. за интервентни потреби (гориво, телефон и слично). Средствата да се исплатат на трансакциска сметка на претседателот на кризниот штаб, Златко Стојанов, поради неможноста да се исплатат средства на месната заедница. Претседателот на кризниот штаб да поднесе извештај за потрошените средства.

5.За побрза санација на погоре наведената инфраструктура матерјал за тампон да се зема од локално позајмиште. За оваа потреба согласност да се побара од Министерство за заштита на животната средина и Министерството за економија надлежно за издавање концесии врз јавни добра.

член 2

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-474/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2013 г. Претседател
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучок за преземање неопходни мерки за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за преземање неопходни мерки за санирање на последиците од поплавата во

општина Радовиш бр. 07-475/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2013 год.

Бр. 08-475/2 Градоначалник на
28 Февруари 2013г. Општина Радовиш
Радовиш Д-р Роберт Велков с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 28.02.2013 год., донесе

ЗАКЛУЧОК

I. Невремето проследено со долготраен и обилен дожд кој ја зафати нашата општина во последните денови од февруари 2013 година предизвика поплави од широк размер.

Граѓаните од општината претрпеа голема штета на домовите и земјоделските посеви, а не остана поштедена ни инфраструктурата, патиштата, мостовите, улиците, канализацијата водоснабдувањето и други објекти.

Од тие причини Советот на општина Радовиш ги донесува следните заклучоци:

1. Во буџетот на општина Радовиш за 2013 година да се направи пренамена на средства, кои ќе се наменат како помош на загрозеното население кое претрпело штета од поплавата:

2. Веднаш по создавањето на услови, по повлекувањето на водата Комисијата за елементарни непогоди, да излезе на терен и направи проценка на штетата, а ако има потреба за побрза проценка да се вклучат и надворешни стручни лица.

3. Во локалната самоуправа да се отпочне со прием на пријави од граѓани и додека трае пријавувањето да се воведат дежурства до 20,00 часот.

4. Додека не се воспостави контрола и функционирање на водоводната мрежа, ЈП ”Плаваја” Радовиш редовно да го снабдува со вода од цистерни населението од загрозените населени места.

5. По завршувањето на локалните избори избор на градоначалник и конституирање на Совет на општина веднаш да се пристапи кон измена на Програмата за уредување на градежно земјиште и локални патишта за 2013 година. Приоритет да се даде на изградба на оштетената инфраструктура која е од витално значење за граѓаните, ае во надлежност на локалната самоуправа.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од објавувањето на "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-475/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2013 г. Претседател
Радовиш Сашко Николов с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш---------------- 1
ОДЛУКА За определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш----------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучок за преземање неопходни мерки за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш------------------------------------ 1
ЗАКЛУЧОК------------------------------------------ 2